РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул„7-ми Септември“ бр.4 кон.тел: 045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **30.04.2012година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 4 – 2012 год**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот**

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за Детален Урбанистички план за Македонски Брод Урбан Блок „1“ за плански период 2009-2014**

**Се прогласува Одлуката за Детален Урбанистички план за Македонски Брод Урбан Блок „1“ за плански период 2009-2014 ,што Советот на општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 27.04.2012година.**

**Бр.08 - 314/12**
**30.04.2012год**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за донесување Детален Урбанистички план за Македонски Брод – Урбан блок "1„ за плански период 2009-2014 година**

Се прогласува **Одлуката за донесување Детален Урбанистички план за Македонски Брод – Урбан блок "1„ за плански период 2009-2014 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 26 т.5 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07 ,91/09,124/10 и 18/11 ) , член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04. 2012 година, донесе

# О Д Л У К А

за донесување на Детален урбанистички план за Македонски Брод-Урбан блок„1“за плански период 2009-2014 година

1. СЕ ДОНЕСУВА-Детален урбанистички план за Македонски Брод-Урбан блок„1“за плански период 2009-2014 год. изработен од страна на ДООЕЛ „Перкан-Проект“ од Прилеп со тех.бр.171/2008 од февруари 2012 год.со следната содржина:

1. Насловен лист
2. Содржина
3. Регистрација на проектанската организација
4. Овластување за носител на изработување на урбанистички планови
5. Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП
6. Писма од Јавни претпријатија

## 1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.1.Аналитички дел-текстови

1.2.Графички прилози

| | |
|---|---|
| - Извод од постоен ГУП-Намена на површини | 1 : 2 500 |
| - Извод од постоен ГУП-Сообраќаен план | 1 : 5 000 |
| - Извод од постоен ГУП-Поделба на блокови | 1 : 5 000 |
| - Извод од постоен Детален урбанистички план | 1 : 1 000 |
| - Ажурирана геодетска подлога | 1 : 1 000 |
| - Инвентаризација и снимање на вкупниот изграден градежен фонд и изградената комунална инфраструктура | 1 : 1 000 |
| - Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби | 1 : 1 000 |

## 2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2.1.Аналитички дел-текстови

2.2.Графички прилози

- Регулационен план 1 : 1 000
- План на површини за градење 1 : 1 000
- Сообраќаен,нивелациски план 1 : 1 000
- Инфраструктурен план 1 : 1 000
- Синтезен план 1 : 1 000

2.Графичкиот дел од Детален урбанистичкиот план за Македонски Брод-Урбан блок„1“за плански период 2009-2014 година се чува во **одделението за урбанизам и заштита на животната средина при општината Македонски Брод** и не се објавува.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.07 – 314 /3
27.04. 2012 год.
Македонски Брод

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програмата за дезинфекција , дезинсекција и дератизација во Општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Програмата за дезинфекција , дезинсекција и дератизација во Општина Македонски Брод за 2012 година ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 3 точка 17 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр.45/97,23/99, 45/06 и 16/04 год.),член 12 став 1 точка 4, став 2 и член 14 од Законот за Заштита на населението од заразни болести, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 . 04 . 2012 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за дезинфекција, дезинсекција и дератизација**
**во Општина Македонски Брод**
**за 2012 година**

## I.ВОВЕД

Целта на оваа Програма е интегрирано сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници.

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми или штетници е збир на механички, физички,биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративнни мерки,кои се превземаат за сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност,запирање на растот и размножувањето,уништување на на постоечката популација на штетници до биолошки минимум,односно влегување и заржување на штетниците на површината во просторот или објектот.Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести,паразитираат на човечкото тело,причинители се на алергиски реакции,делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓините.

## II. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во Општина Македонски Брод од заразни болести,штетници и глодари, потребно е превземање соодветни мерки во текот на 2012 година.Со планираните активности според оваа Програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и ќе се подобри амбиентот во градот и населените места во Општина Македонски Брод.

## III.АКТИВНОСТИ

Во 2012 година,за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми,штетници и глодари , Општина Македонски Брод ќе ги превземе следните активности:

| | **Меркии и активности** | **Место и локација** | **Планирани средства** |
|---|---|---|---|
| 1. | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | Основни училишта,детски градинки, јавни општински установи и др објекти.<br>Доколку има потреба да се спров дезинсекцијата со аерозапрашување територијата на општината. | 200 000 денари |
| | **Вкупно денари: 200 000 денари** | | |

## IV.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2012година.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.07-314/4
27.04.2012 година
Македонски Брод

**Претседател,**
**на Советот на Општина Македонски Брод**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на општината Македонски Брод за прв квартал за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на општината Македонски Брод за прв квартал за 2012 година ,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 април 2012година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за прв квартал за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за прв квартал за 2012 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 314/ 5
27.04.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општината Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општината Македонски Брод за 2012година,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 април 2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за 2012 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за 2012 година**.**

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 314/ 6 | Совет на општина Македонски Брод

27.04.2012 година | П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод | Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Заклучокот за усвојување на квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината Македонски Брод за 2012 година,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 април 2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината Македонски Брод за прв квартал за 2012 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината Македонски Брод за прв квартал за 2012 година**.**

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 314/ 7 — Совет на општина Македонски Брод

27.04.2012 година — П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод — Драге Јосифоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за исплата на надоместок за земјиште**

Се прогласува **Одлуката за исплата на надоместок за земјиште ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе

# О Д Л У К А

За исплата на надоместок за земјиште

**Член 1**

Согласно оваа Одлука на лицата сопственици на имот од ИЛ.465 за КО Македонски Брод да им се исплати паричен надоместок за одземање – експропријација на дел од земјиште кое се наоѓа на КП 3690, КП3691,КП3692,КП3693 и КП3694 м.в Преку река на која ќе се изведуваат градежни работи за изградба на КЕЈ.

**Член 2**

За исплата на надоместокот,помеѓу општина Македонски Брод и сопствениците на ИЛ.465 ќе се склучи Спогодба за начинот на плаќањето, квадратурата, износот и постапката за плаќање на надоместокот помеѓу двете страни,по претходно утврдена фактичка состојба од страна на службите во општината.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод .

**Член 3**

Се задолжува одделението за финансиски прашања при општина Македонски Брод да ја спроведе наведената одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 314/8**
**28.10.2011 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поставување на ПВЦ цевки Ф/200 за спроведување на канализација**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поставување на ПВЦ цевки Ф/200 за спроведување на канализација ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03) ,по поднесеното барање од страна на ДПТУ„Маврово Ј-Т ДОО извоз-увоз, Пуцко Петрол и општина Пласница ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година

# О Д Л У К А

## За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поставување на ПВЦ цевки Ф/200 за спроведување на канализација

**Член 1**

Советот на општина Македонски Брод врз основа на поднесеното барање од ДТПУ„Маврово Ј-Т ДОО извоз-увоз, Пуцко Петрол и општина Пласница , за поставување ПВЦ цевки ф/200 за спроведување на канализација од објектот на млекарата до река со што се решава проблемот на сите објекти попатно и тоа Млекарата , општина Пласница , Пуцко Петрол , Пошта и други објекти кои спаѓаат во тој реон за потребите на населението ,Советот на општина Македонски Брод донесе одлука да се одобри барањето на ДПТУ„Маврово Ј-Т ДОО извоз-увоз , Пуцко Петрол и општина Пласница .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 314/09**
**27.04.2012година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за реконструкција на парното греење во делот на општинската зграда**

Се прогласува **Одлуката за реконструкција на парното греење во делот на општинската зграда,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03) , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година

# О Д Л У К А
**за реконструкција на парното греење во делот на општинската зграда**

**Член 1**

Согласно оваа одлука ќе се изврши реконструкција на дел од парното греење во делот на општинскта зграда, поради настанат дефект на парното греење.

**Член 2**

Во реконструкцијата на парното греење ќе учествуваат државните институции и другите правни лица сместени во просториите на општинската зграда а кои истите користат затоплување.

Член 3

Надоместокот за извршената реконструкција на парното греење, дополнително ќе се утврди помеѓу корисниците на затоплувањето.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 314/10**
**27.04.2012година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за оттуѓување – Градски базен сопственост на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за оттуѓување –Градски базен сопственост на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.10 и член 66 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ Бр.05/02) и член 21 став 1 и член 79 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 2/03) , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе

# О Д Л У К А

**За оттуѓување на објект –Градски базен сопственост на општина Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе одлука за оттуѓување на објект - Градски базен сопственост на општина Македонски Брод.

2.Продажната цена не смее да биде помала од пазарната вредност која ќе биде утврдена од страна на комисијата за проценка пазарна вредност.

3.Продажбата ќе се спроведе по пат на усно наддавање по предходно објавен јавен оглас во дневните печатени медиуми со напомена по отуѓувањето новиот сопственик има обврска дејноста како градски базен да остане иста .

4.Средствата што ќе се добијат од продажбата на објектот – имотот треба да се инвестираат во стекнување на нов имот на општината или за реконструкција на постојниот имот.

5.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр 07 – 314/11**
**27.04.2012 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Драге Јосифоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод,** што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.04.2012 година.

Бр.08- 314/12
30.04.2012година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод Сл.Гласник 2/03 ,а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година ( Сл.Гласник бр.12/11), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 27.04.2012 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод

1.На Крстески Нове од Македонски Брод ул.И.И.Цветан бр.54 за лекување, се одобрува еднократен надоместок во висина од 15.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година , програма АО- Совет на општина Македонски Брод, ставка 464-разни трансфери , потставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува одделението за финансиски прашања при општина Македонски Брод, да го изврши наведеното решение.

4.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07- 336/2

27.04.2012година

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л,

Драге Јосифоски с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за прогласување на Одлуката за Детален Урбанистички план за Македонски Брод Урбан Блок “1“ за плански период 2009-2014.................................. стр. 2

Одлука за Детален Урбанистички план за Македонски Брод Урбан Блок “1“ за плански период 2009-2014.................................................................................... стр. 3

Заклучок за прогласување на Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Македонски Брод за 2012 година.........................................
стр.5

Програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Македонски Брод за 2012 година...................................... ........................................... стр.6

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за прв квартал за 2012 г........... стр.8

Заклучокот за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за прв квартал 2012 г.......................................................... стр.9

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за 2012 година............стр.10

Заклучокот за усвојување на квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод за 2012 година................................................................стр.11

Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината Македонски Брод за 2012 г......................................................................стр.12

Заклучокот за усвојување на квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината Македонски Брод за 2012 година..........................................................................................................................стр. 13

Заклучок за прогласување на Одлуката за исплата на надоместок за земјиште..стр14

Одлуката за исплата на надоместок за земјиште.................................................стр.15

Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поставување на ПВЦ цевки ф/200 за спроведување на канализација.......................................................................................................................стр. 16

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за поставување на ПВЦ цевки ф/200 за спроведување на канализација............................стр. 17

Заклучок за прогласување на Одлука за реконструкција на парно греење во делот на општинската зграда.....................................................................................................стр. 18

Одлука за реконструкција на парно греење во делот на општинската зграда....стр.19

Заклучок за прогласување на Одлуката за оттуѓување –Градски базен сопственост на општина Македонски Брод...........................................................................................стр.20

Одлуката за оттуѓување –Градски базен сопственост на општина Македонски Брод.......................................................................................................................................стр.21

Заклучок за прогласување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод........................................................................................стр.22

Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод.......................................................................................................................................стр.23